Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

# Родово базирано насилство, 2022 г.

1. Жени жртви на психичко, физичко (вклучувајќи и закани) или сексуално насилство од интимниот партнер, во Северна Македонија се 15.0% од испитаничките на возраст од 18 до 74 години, кои учествуваа во анкетата и сакаа да зборуваат за своето искуство. 8.4% од жените доживеале психичко насилство, навреди, понижувања, забрани за работа и движење надвор од домот, забрана за контакт со најблиските и пријателите, како и контрола и забрана на финансиските трошоци од интимниот партнер. Од нив, 1.1% изјавиле дека биле жртви и на сексуално насилство од страна на интимниот партнер.




2. Најголем процент на жени кои доживеале психичко, физичко (вклучувајќи и закани) или сексуално насилство од интимен партнер, се жени на возраст од 65 до 74 години (18.7%). Најголем процент од испитаничките на оваа возраст доживеале физичко (вклучувајќи и закани) или сексуално насиството (17.8 %), 0.5% од нив изјавиле дека биле жртви и на сексуално насилство од страна на интимниот партнер.






Испитаничките кои учествуваа во анкетата ги искажаа своите несакани искуства и одговорија на прашања кои беа подготвени со посебно внимание и чувство. Голема благодарност до сите жени кои искрено ја споделија состојбата која ја доживеале. Со анкетата поминавме многу случки, различни состојби, од кои може да извлечеме многу пораки со зборови како што се: ХРАБРОСТ, САМОДОВЕРБА, СИЛА, ИСТРАЈНОСТ. Сите овие пораки водат кон една цел " СТОП НА НАСИЛСТВОТО".

3. Кај младата женска популација секоја шеста испитаничка, била жртва на психичко, физичкото (вклучувајќи и закани) или сексуално насилство од интимниот партнер. 16.6% од жените на оваа возраст од 18 до 29 години доживеале психичко, физичко (вклучувајќи и закани) или сексуално насилство. Од нив 1.2% изјавиле дека доживеале сексуално насилство од интимниот партнер без разлика дали биле во законски брачен статус или неформална заедница.




4. Најголем процент жени кои доживеале сексуално насилство се на возраст од 30 до 44 години. 1.5% од жените на оваа возраст биле жртви на сексуално насилство од страна на интимниот партнер.




5. Психичко насилство доживеале 10% од жените на возраст од 45 до 64 години. Жртви на психичко, физичко (вклучувајќи и закани) или сексуално насилство се 15.2 % од жените кои припаѓаат на оваа старосна група. Од нив 1.1% биле жртви и на сексуално насилство) од страна на интимниот партнер.

